**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
[www.probistip.gov.mk](http://www.probistip.gov.mk) [info@probistip.gov.mk](mailto:info@probistip.gov.mk)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10– 937/5 од 07.10.2021 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 62 став (10), од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2021 година со Одлука Број 26-928/16 од 30.11.2020 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.42/2020 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е
**За спроведување на јавен увид на**

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА КП 2159 И ДЕЛ ОД КП 2157/1 И 2158 КО ДОБРЕВО- ОПШТИНА ПРОБИШТИП

### Член 1

**Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158 КО Добрево - Општина Пробиштип, со Тех.Број 323/21 од септември 2021, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ТЕКТОН“ ДООЕЛ Скопје.**

### Член 2

Конкретниот проектен опфат се наоѓа североисточно од градот Пробиштип во м.в. Дубоје, КО Добрево, општина Пробиштип. Пристапот до проектниот опфат е од постоен некатегоризиран пристапен пат од источната страна.
Границите на проектниот опфат се:

- На север –дел од КП 2158 и 2157/1 КО Добрево
- На исток –КП 2162, 2161/2 и 2160/1 и дел од КП 2158 и 2157/1, КО Добрево
- На југ – КП 2910 КО Добрево
- На запад –КП 2155, 2156 и 2150/1, КО Добрево

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува П= **0.90 ха.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект е неизградено земјиште.

Во границите на планскиот опфат планирана е **1 градежна парцела** со следните основни класи на намена:

**-Е-Градби од нискоградбата-инфраструктури:**

- **Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури;**
- **Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани;**

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

## ЈАВЕН УВИД

**Јавниот увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2159 и дел од КП 2157/1 и 2158 КО Добрево - Општина Пробиштип, со Тех.Број 323/21 од септември 2021, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ТЕКТОН“ ДООЕЛ Скопје**, ќе трае **15** (петнаесет) **дена** во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената ***web*** страна на општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk,*** во периодот од **07.10.2021 год.** до **28.10.2021 год.**, во кој период може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип.

**Графичкиот прилог** од Урбанистичкиот проект, ќе биде објавен на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***.

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Date: 2021.10.21 09:13:18 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2021.10.21 11:48:19 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov Date: 2021.10.21 14:42:19 +02'00'